Република Северна Македонија
Национална Установа-Центар за култура
АЦО ЃОРЧЕВ-НЕГОТИНО
Бр.02 - 1791/1
20. 09 2024 год.
НЕГОТИНО

Врз основа на член 12 од Статутот на НУЦК „Ацо Ѓорчев“ Неготино а во врска со Извадокот бр. 41-5821/1 од 05.07.2024 година од Нацрт записникот од Третата седница одржана на Владата на Р.С.Македонија на 05.07.2024 година, Директорот на НУЦК „Ацо Ѓорчев“ Неготино на ден 20.09.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

Јавниот оглас број 01/2023 за вработување на 1 (едно) лице на работно место – Шминкер на неопределено време, објавен во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Коха“ на ден 29.12.2023 - **СЕ ЗАПИРА.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

НУЦК „Ацо Ѓорчев“ Неготино, врз основа на добиено известување од Министерството за финансии бр.18-13494/2 од 26.12.2023 година, во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Коха“, на ден 29.12.2023, објави јавен оглас број 01/2023 за вработување на 1 (едно) лице на работно место – Шминкер.

Постапката за вработување односно објавувањето на Огласот бр. 01/2023 е извршено согласно позитивната согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства за 2023 година.

Со допис бр.02-6870/2 од 19.07.2024 година од Министерството за култура и туризам преку Министерот Зоран Љутков до НУЦК „Ацо Ѓорчев“ Неготино доставен е Заклуок на Владата на Р.С.Македонија поточно Извадокот бр. 41-5821/1 од 05.07.2024 година од Нацрт записникот од Третата седница одржана на Владата на Р.С.Македонија на 05.07.2024 година со кој се задолжуваат работодавачите од јавниот сектор да ги запрат постапките за вработување и унапредување кои не завршиле до 31.12.2023 година, а се објавени врз основа на издадени позитивни согласности од Министерството за финансии за обезбедени средства во 2023 година како тековна фискална година, а продолжени во 2024 година врз основа на Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2024 година, со оглед дека истите се спротивни и неусогласени со одредбите на Законот за буџетите. Ваквиот заклучок е усвоен од страна на Владата на Р.С.Македонија на предлог на Министерот за финансии.

Од причини што постапката по јавниот оглас бр. 01/2023 не е конечно и правосилно завршена во 2023 година и истиот се продолжи во 2024 година, а согласноста од министерството за финансии е за обезбедени финансиски средства за 2023 година а не за 2024 година и согласно задолжението на Владата погоре цитирано дека согласностите за 2024 година се спротивни и неусогласеени со одредбите од Законот за извршување на буџетот, Директорот на НУЦК „Ацо Ѓорчев“ Неготино донесе одлука со која се запира Јавниот оглас бр. 01/2023 за вработување на 1 (едно) лице на работно место – Шминкер на неопределено време.

Со оглед на горенаведеното, а предвид фактот Заклучокот донесен од страна на Владата на Р.С.Македонија со задолжение сите започнати постапки за вработување и

унапредување кои не завршиле до 31.12.2023 година, а се објавени врз основа на издадени позитивни согласности од Министерството за финансии за обезбедени средства во 2023 година како тековна фискална година, а продолжени во 2024 година врз основа на Законот за извршување на Буџетот на Р.С.Македонија за 2024 година кои согласности според задолжението се спротивни и неусогласени со одредбите на Законот за буџетите, директорот одлучи како во изреката на одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволната странка има право на правен лек до Управниот одбор на НУЦК „Ацо Ѓорчев“ Неготино во рок од 8 дена од приемот на истата.

**НУ Центар за култура**

**„Ацо Ѓорчев“ Неготино**

**Директор**

**Виолета Стојановска**

Национална установа-Центар за култура АЦО ЃОРЧЕВ-НЕГОТИНО Република Северна Македонија • Неготино •